

# Студентско ехо

Број 14, март 2016
БЕСПЛАТНО ИЗДАНИЕ

## ДИСЛЕКСИЈА - ТРЕНД ИЛИ ПРОБЛЕМ ПОМЕЃУ МЛАДИТЕ

## ДВАНАЕСЕТ СТУДЕНТИ ОД УГД ЗАМИНУВААТ НА ЕРАЗМУС РАЗМЕНА

## РАЗГОВОР СО СЕМ ХЕНКИНС- ТРУБАЧ И КОМПОЗИТОР ОД ЧИКАГО

## СВЕТ, ВО КОЈ ДЕЦАТА МОЖАТ ДА ЖИВЕАТ БЕЗГРИЖНО

СПУГД
www.ugd.edu.mk
Правен факултет
СТУДЕНТСКА ПРОГРАМА ПО НОВИНАРСТВО И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

# СТУДЕНТСКИ ПАРЛАМЕНТ УГД



## Универзитет „Гоце Делчев“ Штип



**Импресум:**
**„Студентско ехо“**
**Студентско списание**
**Катедра по новинарство и односи со јавноста**
**Правен факултет – Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**
**Првиот број на списанието излезе во декември 2011 година**
**(основач на списанието е проф.др. Сузана Џамтоска – Здравковска со студентската генерација 2010-2011)**
**Главен и одговорен уредник:**
**Иван Дуковски**

**Заменик на главен и одговорен уредник:**
**Марија Лазовска**
**Помошник на главен и одговорен уредник:**
**Христина Спирова**
**Уредувачки одбор:**
**доц. Д-р Андон Мајхошев**

**Графички уредник:**
**Александар Максимов**
**Фотографија:**
**Благој Китановски**

Списанието излегува три пати во текот на една студиска година и бесплатно се дистрибуира во сите наставни центри на Универзитетот. Целокупниот тираж е овозможен од Студентскиот парламент на Универзитетот и е бесплатен за сите читатели.

Контакт адреса: studentskoeho@gmail.com
facebook.com/studentskoeho

facebook.com/studentskoeho

Содржина

4. Дислексија - тренд или проблем помеѓу младите
6. Информирај се СЕГА
7. Дванаесет студенти од УГД заминуваат на Еразмус размена
8. Свет, во кој децата можат да живеат безгрижно
10. Саемот за туризам во Белград практично искуство за студентите
11. Јас не сум млад, не сум студент
11. Иновативниот удар на интернетот
12. Стереотипи за половата нееднаквост
13. Франција, демократска република или неоколонијална сила
14. LG G5, новата скапа играчка
14. Новите ѕвезди во галаксијата на Samsung, Galaxy s7 и Galaxy s7 edge
15. 7 Урбани и стилски модни машки комбинации
16. Ханами – црешова магија во Јапонија
16. Витаминската бомба - смуди
17. Млад фотограф кој плови во водите на совршенството
18. „Во Македонија нема естрада, а има неоспорен квалитет“
20. Куклица, сведок на минатото
21. IKBKG: Да се врати класиката на тронот!
22. „Светот не го растураат тетовираните луѓе , туку оние во костуми и со кравати“
23. Разговор со Сем Хенкинс- трубач и композитор од Чикаго
24. 2015-та година на филмот
25. Атлетскиот клуб „Куманово“ со најдобри резултати за 2015 година
26. Не треба да се чека да помине невремето, за да се почне со натпреварот

ИНТЕРВЈУ СО ДАМЈАН НИКОЛОВСКИ-ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ДИСЛЕКСИЈА "АЈНШТАЈН"

НАТАША РИСТЕСКА

# Дислексија – тренд или проблем помеѓу младите

**Од интервјуто со Дамјан Николовски, претседател на здружението за дислексија "Ајнштајн" дознаваме дека 10 до 15 % од вкупното население во Република Македонија се справува со дислексија. Тој порачува дека нејзиното навремено препознавање, разбирање и прифаќање, се основни чекори за подигање на свеста за дислексијата што не претставува никакво ментално или психофизичко заостанување, туку напротив дислексијата е дарба. Во интервјуто поразговаравме со Николовски за пристапот, формите и методите на дислексија.**







**Што е дислексија ?**

Постојат повеќе дефиниции за дислексија, но наједноставната е дека тоа е состојба при која мозокот различно ги процесира говорниот и пишаниот јазик. Дислексијата примарно се поврзува со тешкотии во читањето, но таа може да го погоди и пишувањето, спелувањето и понекогаш и говорот. Лицата со дислексија можат да ги разберат комплексните идеи, но нив им е потребно повеќе време за анализа на поединечните информации и детали. Кај нив мисловниот процес тргнува од големата слика односно суштината и потоа оди назад кон деталите, за разлика од останатите кои тргнуваат од анализа на деталите и потоа стигнуваат до суштината. Од овде јасно се гледа дека за подучување на лицата со дислексија потребен е поинаков пристап или поинаков стил на пренесување на информациите.

**Кои се симптоми на дислексија кај студенти?**

Тешкотии и одбивање на читање на глас, не читаат на соодветно ниво за нивната возраст, имаат проблеми на разбирање на вицови или двосмислени идеи, проблеми со организација на време, тешко ги изразуваат своите идеи во пишана или говорна форма, имаат проблем да направат резиме на некој текст или лекција, тешкотии со учење на странски јазик, често ги избегнуваат обврските што се поврзани со читање и пишување, заменување на визуелно сличните зборови како куп и ќуп, пропуштање на место или ред додека се чита, мешање на имиња на предмети, како петих наместо тепих, зачкалка наместо закачалка, проблеми со одредување што е лево, а што десно, читање на извадоци од текст повеќе пати за да може да се разбере, тешкотии при пронаоѓањето на вистинскиот збор кога се сака нешто да се каже, тешкотии со претворањето на мислите во реченица дури се пишува некој текст.

**Дали има различни нивоа на дислексија?**

Секако имаме поразвиена и полесна форма на дислексија. Исто така дислексијата има и неколку форми како што се:
Дисграфија - дисграфијата претставува тешкотија во учењето која има влјание на пишувањето што подразбира користење на еден комплексен сет од моторички и информатички вештини на процесирање. Дисграфијата го отежнува процесот на пишување.
Диспраксија - кога станува збор за диспраксијата се мисли на нарушување на начинот на кој пораките од мозокот се пренесуваат до телото,што самото по себе влијае на способноста на индивидуата да изведува движења на еден хармоничен и координиран начин
Дискалкулија - претставува состојба на мозокот при која личноста има тешкотии со концептуализација на броевите,односи меѓу броевите (аритметички закони) и резултати од математички операции (проценување на одговорот на математичката задача пред вистински да се изврши пресметката).

**Дали постои регистар на лица кои имаат дислексија? Која е бројката доколку има?**

Официјална бројка за застапеноста на дислекисјата во Р.М нема, но се раководиме со процентот од 10 до 15 од вкупното население, бидејки во неколку држави од словенското говорно подрачје има направено истражување и тоа е таа бројка. Ние како Здружение направивме истражување во две средни училишта во Град Скопје и бројката на застапеност на дислекисјата помеѓу тие две училишта е 17 %.

**Колку време постои здружението "Ајнштајн" и кои се вашите цели?**

Здружението за дислексија "Ајнштајн" е непрофитна организација формирана во Декември 2013 година од родители на деца со дислексија и лица со дислексија. Идејата за формирање на здружението произлезе пред се од недостигот на информации за дислексијата. Барајќи решение и помош за тешкотиите со читање кај своите деца родителите се соочија со неинформираност на институциите и недоволна стручност кај просветните работници. Ние постоиме со цел да помогнеме на илјадници лица кои се соочуваат со проблемот дислексија и истата да ја актуелизираме во нашата држава. Мисијата на Ајнштајн е, Здружение на граѓани чија што цел е подигнување на јавната свест за дислексијата кај образовните институции, родителите , релевантните институции како и кај пошироката јавност. Ајнштајн ги остварува своите цели преку информирање, едукација, дискусија, соработка и поддршка за сите оние кои се засегнати од оваа проблематика. Визијата ни е подобрување и олеснување на процесот на образование на учениците со дислексија како и потпомагање во воведување на соодветен и подобрен образовен систем . Здружението се залага за зголемување на бројот на своите членови за добивање подобри и поквалитетни човечки ресурси кои понатаму ќе можат да се надградуваат се со цел стекнување на поширок соодветно експертен кадар за обработка на состојбата наречена дислексија. Нашата визија неизбежно опфаќа создавање на општество кое ќе има капацитет да ги исполни сите барања и потреби на лицата со дислексија и да се приклучи на земјите кои веќе 50 години активно развиваат техники и методи за работа за овие лица настојувајќи истите да го пронајдат и истакнат својот талент.

**Од кога поимот дислексија е познат за нашата јавност, а од кога во светски размери?**

Поимот дислексија во нашата држава стана познат изминативе 2 до 3 години што е доста поразително за разлика од тоа што во светски рамки на оваа проблематика се работи повеќе од 70 години.

**Дали постоеле методи во минатото со кои се утврдувала дислексијата?**

Секако првиот метод за работа со лица кои имаат дислексија бил создаден во далечната 1939 година кога д-р. Алфред Штрус и Хајнц Вернер ги публикувале нивните сознанија за деца со широк спектар на потешкотии во учењето.

**Дислексија, дали постои начин да се надмине?**

Дислексијата е доживотна состојба, но постојат најразлични методи за корекција на истата , но за жал во Р.М имаме само две стручни лица за дислексија а со тоа и само 2 метода се присутни.

**Дали науката има откриено причина за дислексија, имате ли сознанија дали се работи на тоа?**

Во 1925 година американскиот невролог д-р. Семјуел Ортон ја предложил првата теорија за тоа како настануваат потешкотиите при читањето. Како причина за ова тој нагласува доминацијата на едната страна на мозокот. Стратегиите кој тој ги развил за време на неговите истражувања, денес се сеуште во употреба. Но, сепак тоа е само теорија, официјално научно засновани причини за појавата на дислексијата се уште нема.

**Што ќе им порачаш на студентите со дислексија?**

Да знаат дека дислексијата не е ништо страшно, туку баш напротив тоа е огромна дарба која ја имаат овие личности. И треба да бидат горди што имаат дислексија.







Запознавајќи се со дислекцијата, во контекст на нашиот ангажман кон оваа тема направивме истражување кое беше спроведено меѓу студентите на Универзитетот „Гоце Делчев". Нашето истражување опфати вкупно 130 испитаници, студенти од различни возрасти и факултети. Истражувањето се темелеше на анкетен прашалник за тоа колку студентите покажуваат или не покажуваат знаци на дислекција. Анализата на истражувањето покажа дека од вкупно 130 испитаници, 20 студенти покажуваат знаци на дислекција.

НАЦИОНАЛНА КАМПАЊА-ПРАВО НА МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ — Ив Дук




“Право на младинско информирање – Информирај се СЕГА!” е национална кампања што е имплементирана од Младинските информативни центри во Прилеп и Кавадарци со поддршка на Агенцијата за млади и спорт, членки на СЕГА и младински организации низ Македонија. Кампањата е започната во месец декември 2015 и ќе трае до јуни 2016 со што ќе вклучи серија на активности со кои младите ќе се охрабрат да учествуваат во процесот на обезбедување полесен пристап до информации и споделување на информации. Кампањата има за цел да им го приближи правото на младите луѓе да поставуваат прашања и да добиваат информации од оние што се овластени да одлучуваат. Почитувањето на демократијата, човековите права и основните слободи го подразбира и правото сите млади луѓе да имаат пристап до комплетни, објективни, разбирливи и сигурни информации за сите нивни прашања и потреби. Ова право на информирање е признато со Универзалната декларација за човекови права, Конвенцијата за правата на детето, Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, и препораки за младинско информирање и Белата книга за млади на Европската комисија (2001).

Почетоците на младинското информирање во Македонија датираат од 2010 кога е отворен Младинскиот информативен и советодавен центар ИНФО СЕГА Прилеп, и истиот работи со Европската повелба за младинско информирање. Коалицијата на младински организации СЕГА, како член на ЕРИКА, прва ги поставува основите на младинското информирање во Македонија во соработка со Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија со отворање на овој центар. Меѓутоа кон активностите паралелно на 19 август, 2015 се приклучува и ново отворениот, втор Младински информативен центар во Кавадарци, со поддршка и во соработка со регионот Долна Нормандија, општина Кавадарци и Коалиција СЕГА.

На 17 Април, 2012, Македонија спроведе Европска кампања за младинско информирање организирана од СЕГА како членка на ЕРИКА (Европска Агенција за младинско информирање и советување). Оваа кампања беше спроведена во 14 земји од Европа и истата имаше за цел да ја подигне свеста меѓу младите за важноста на младинското информирање и правото за истото.

*„Базирано на нашето позитивно искуство со имплементацијата на Европската кампања, и препораките на работната група за младинско информирање, дојдовме до заклучок дека е неопходно да се имплементира национална кампања со цел да се подигне свеста за правото на инфромирање на младите како целна група и важноста на младинските информативни центри во Македонија. Земајќи го предвид фактот дека младинското инфрмирање е неопходно и е предуслов за еднаков пристап до навремени и точни информации, одлучивме да ја креираме националната кампања „Право на младинско информирање – Информирај се СЕГА!”.“* – истакнуваат од СЕГА

Кампањата има три општи цели:

Младите луѓе да разберат дека имаат право на информации. Не сите млади луѓе имаат пристап до квалитетни, навремени и точни информации и како последица на тоа тие не можат да ги добијат информациите кои им се од нивни интерес.

Преку активностите на кампањата ќе делува кон зголемување свесноста на младите луѓе дека имаат право на пристап до информации кои им се потребни.

Промоција на Младинските Информативни центри во Република Македонија.

Младинските Информативни Центрите се од суштинско значење на младинското информирање. Една од целите на кампањата е да ги промовира Младински Информативни центри како алатка во која повеќето млади луѓе ќе ги користат достапните информации со цел да добијат квалитетно младинско информирање. Преку низа на активности од кампањата ќе работиме да се зголеми нивната видливост помеѓу млади луѓе и институциите како што се училиштата, властите, невладините организации и др.

Подигнување на свеста на носителите на одлуки за гарантирање на правото на младинско информирање.

Правото на квалитетно младинско информирање мора да биде загарантирано од страна на донесувачите на одлуки со соодветно спроведување на политики кои ги засегаат младите. Предвидените активности од кампањата обезбедуваат средби помеѓу младите и донесувачите на одлуки на локално и национално ниво со цел подигнување на свеста за гарантирање на правото на младинско информирање.




Право на младинско информирање
ИНФОРМИРАЈ СЕ СЕГА!
СЕГА!





ЕРАЗМУС- ПРЕДИЗВИК ЗА СТУДЕНТИТЕ НА УГД — ugdlife



# Дванаесет студенти од УГД на Еразмус размена







Дванаесет студенти од Факултетот за информатика, Факултетот за медицински науки, Електротехничкиот факултет, Филолошкиот факултет и Правниот факултет веќе се дел од Еразмус плус размената на некои универзитети во Европа. УГД и овој семестар им овозможува на студентите едно поинакво едукативно опкружување и можност да го искусат образованието во европските универзитети.

Студентите кои годинава заминуваат на Еразмус плус размена се исклучително задоволни и мотивирани да поминат дел од своето образование на универзитет во Европа.

- *Предизвик е мал збор кога говориме за Еразмус плус. Под ова подразбирам можност, сатисфакција, напредок и вложување во образованието. Чест е што програмата постои како таква и нè предизвикува нас младите, па и повозрасните амбициозни кадри да се посветат на иднината токму преку надградување на себеси, а тоа најдобро го умееме преку Еразмус плус. Наредниот семестар ќе бидам студент на Универзитетот за наука и технологија (Електротехнички факултет) во Краков, Полска. Запознавањето луѓе од цел свет го зголемува задоволството, затоа што пријателствата се како прочитани книги - колку повеќе ги имаш, толку попаметен си* - изјави Деспина Ристова од Електротехничкиот факултет при УГД.

Годинава заминуваат студенти на различни универзитети. Некои од студентите се одлучија за централна и за Западна Европа, а некои во поблиското опкружување.

- *Еразмус плус размената за мене претставува дополнителна мотивација и предизвик за нови знаења. Затоа одлучив да се пријавам во оваа програма и навистина сум среќна што ќе ја искусам оваа можност. Наредниот семестар моите студии ќе ги продолжам во Словенија при Љубљанскиот универзитет. Престојот во Љубљана не го доживувам само како обврска да ги положам испитите, туку за мене ова е можност за запознавање со нов систем на образование, запознавање на друга култура, друга традиција и нови луѓе. Сето тоа има огромен придонес за надградба на моето знаење во мојата област, а и мојата личност исто така. Најголем бенефит од студирањето во Љубљана се надевам дека ќе добијам при моето вработување како инженер по информатички технологии, како и новите пријателства и спомените од ова искуство* - изјави Златка Митревска од Факултетот за информатика при УГД.

Координаторот на Центарот за меѓууниверзитетска соработка м-р Сања Стефанова изјави дека Еразмус плус е можност која студентите треба да ја искористат максимално што можат.

- *Програмата Еразмус плус стана клучен дел од организациската структура на сите универзитети во Европа. Можноста да се едуцираш, да стекнеш нови пријателства, да патуваш и да се надградуваш е навистина голема привилегија што ја имаат студентите денес. Токму и интересот за оваа програма е навистина голем и ги охрабрувам студентите да аплицираат кога ќе биде објавен повикот за новите студентски мобилности* - вели м-р Сања Стефанова.

Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип наскоро ќе го објави и новиот повик за Еразмус плус мобилност и во текот на целата година ќе организира различни презентации и едукативни обуки на оваа тема.



ИВ ДУК

# Се учи со „глава, срце и рака“

**Троген, општина во Швајцарскиот кантон Апенцел, со околу 1700 жители. Седиште на судските органи на кантонот. На само десет минути од оваа општина изгрева Сонце, кое ги топли срцата на децата и го остварува сонот на секое дете, да сонува и живее во свет без препреки и бариери. Во близина на Троген, се наоѓа детското село Песталоци кое промовира мир ширум светот преку сеопфатно зајакнување на способностите и правата на децата. За промовирање на детските права и детскиот соживот, во 1982 година детската фондација Песталоци започнува да работи на проекти со деца од целиот свет. Неколку години порано е создадено и Детското село Песталоци. Така започнува и целата приказна за принципите на интеркултурното образование и градење мостови во процесот на подобрување на животот на децата. Детското село Песталоци е срцето на оваа фондација од каде што произлегуваат сите активности на фондацијата во Швајцарија и низ светот. Можност за привремени жители во ова детско село имаат децата, тинејџери од Источна и Југоисточна Европа, каде што неколку седмици практикуваат мирен соживот. Подобра слика од магијата што ја шири Песталоци и за нивната активност и значајност, успеа да ни долови Сузан Шелкнехт (Susan Schellknecht), координатор на интеркултурните проекти.**









**Што претставува детското село Песталоци?**

Ние градиме свет, во кој децата можат да живеат. Овие зборови од таткото основач на детското село, Walter Robert Corti , зборуваат за себе. Нашата визија се децата и младите луѓе да се одговорни членови на општеството и да придонесуваат за мирен свет. Детските и човековите права се обврзувачки и целата работа на светската детска фондација Pestalozzi се потпира за еднакви можности и е посветена на едно целосно и квалитетно добро образование – независно од пол, вера, националност како и етничка и социјална припадност.

**Од каде идејата за постоење на ваков тип на детско село?**

Фондацијата Pestalozzi е основана по втората Светска Војна од страна на швајцарскиот филозоф W. Robert Corti, да им овозможи на децата и младите на завојуваните држави без оглед на расата, религијата и културата да живеат заедно во мир. Стотици доброволци од цела Европа имаат помогнато да се изгради Детската фондација. Првите воени сирачиња од различни европски земји се гости во селото во 1946. Во нивната „Куќа на родители“ живееја заедно семестени во т.н. национални куќички, во кои исто така се држи настава - во утринските часови на својот мајчин јазик и во попладневните часови на германски јазик.

**Како и зошто фондацијата Песталоци започнува со проектот на интеркултурни размени?**

Во 1982 година, Детската Фондација Песталоци започна да се развива. Основната идеја е да се промовира образование и интеркултурен соживот за загрозените деца и младите насекаде низ светот. Под наслов: “рекреација, образование и мобилност” во средината на 90-тите имаше двомесечни проекти со деца и млади од регионот на Чернобил (Украина, Белорусија, Русија). Тие претстојуваа во Песталоци и се опоравуваа од последиците од катастрофата во Чернобил во преден план, но ги следеа и интеркултурните размени исполнети со часови на т.н. Швајцарската школа, заедно или со деца и млади луѓе од други европски земји. Подоцна, фокусот беше повеќе на нашата програма за земјите од Југоисточна Европа за подобрување на одржливоста на нашата тематска размена. Главниот проект за размена за нашите теми, се правата на децата, анти-дискриминација и интеркултурна комуникација која се одржува со 40 учесници и 6 возрасни придружници за 2-3 недели во детската фондација Песталоци.

**Кога за прв пат и Македонија е учесник во проектот?**

За прв пат во 2004 учество земаа и деца и млади од Македонија за проектот културна размена во детското село Песталоци. Од тогаш, различни проекти на размена беа реализирани со децата и млади од различна етничка група во Македонија. 2016 та година имаме 9 македонски проекти со нашите партнерски организации, Коалиција СЕГА, МЦО и ЦИР, и Мајка. Планирани се вкупно 360 деца и млади луѓе да дојдат во детската фондација за 2 недели со своите 54 придружни возрасни, т.е. професори.

**Кој се може да биде дел од едукативниот систем на Песталоци?**

Како што и децата и младите, така и возрасните можат да имаат корист од нашите проекти за едукација и размена од Фондацијата. Детската Фондација Песталоци поддржува долгорочни проекти во Југоисточна Европа во Македонија, Молдавија и Србија, кои се вршат од страна на воспоставени локални партнерски организации. Децата и младите од овие проекти можат да бидат избрани од страна на партнерските организации за проектот за интеркултурна размена во детското село. Понатаму доаѓаат учесници од нашите партнерски организации во Белорусија, Русија и Украина, како и швајцарски наставни часови кои за заеднички недели размени, недели теми или за едно неделно мобилно радио ја посетуваат детската Фондација. Придружните возрасни од нашата размена не се само во курсевите со децата и адолесценти во ова, но кога престојуваат во домот, исто така, учествуваат во супервизор курс што подразбира еднодневно да се истражуваат нашите образовни пристапи и методи. Во рамки на Em Power проектите доаѓаат млади луѓе од нашата глобална мрежа на партнер организации (дополнително од Југоисточна Европа, Азија, Африка и Централна Америка) за 8 месечна интеркултурна обука во детската фондација. Професионалните тренинзи во детската фондација се понатамошна понуда за образование на возрасни за вработените на нашите глобални партнер организации.

**На кој начин се одвива едукацијата?**

Според идејата на Швајцарскиот педагог Јохан Хајнрих Песталоци, учењето се одржува со “глава, срце и рака”. Ние следиме сеопфатен, партиципативен пристап. Учесниците се поканети да земаат критички поглед на себеси и светот, да го пробаат конструктивното справување со културната разновидност и да се развие визија за мирен соживот.

**Кој е начинот на работата со децата-учесници?**

Учесниците живеат заедно во куќа, земаат учество во ориентирани курсеви за интеркултурно образование и се вклучуваат во интеркултурна размена со млади луѓе од друга земја. Има безброј ситуации за учење и средби кои јавуваат дека покануваме да се согледаат предизвиците и можностите на различност и да се научат да се справуваат со овој конструктивен начин.

**Како може да се подобри образовен систем на една земја? Кое е вашето мислење?**

Ако сакате да изградите брод, не терајте ги луѓето да набават дрво, да ги доделат задачи и да ја поделат работата, туку да научат за желбата за широкото, бескрајно море”

- Антоан де Сент – Егзипери

Ако сакате да имате слободно размислување, критички и одговорни членови во општеството, треба и образовниот систем да биде соодветно прилагоден. Образованието според моето сфаќање е секогаш “самообразование” - од поглед на деца како независни личности, опремени со ресурси и вештини кои се активни со задоволство да создаваат смисла. Овој потенцијал треба да се земе внимателно и заеднички да се развива. Учењето треба да биде акционо ориентирано, што е можно повеќе - со главата, срцето и раката, како сеопфатно учење. Соодветно на тоа, треба да бидат можни ситуации во кои критичките перспективи се дозволени и охрабрени, а децата и младите се вклучени со најголемо можно учество. За промена во системот на образование е потребно пред се возрасни, кои се подготвени со страст да застанат во одбрана на тие вредности и да ги направат заедно со децата и младите.







Привремени жители на детското село Песталоци, во јануари оваа година, беа 40 деца од две средни училишта од Битола и Струга. Партнер организација на Детската Фондација Песталоци од Македонија е и Коалицијата на младински организации СЕГА, која во досегашните организирани интеркултурни размени им овозможила на повеќе од 300 ученици од 10 основни и средни улилишта од Македонија да бидат дел од оваа размена. Учениците живеат заедно целиот период, посетуваат интератквина настава за интеркутлурно образование и детски права, а имаа можност и да се дружат со друга група на врсници од Белорусија кои беа дел од интеркултурната размена во детското село Песталоци. Покрај секојдневните активности на училиштето, учениците за време на викендот имаат можност да се запознаат со убавините на Швајцарија. Цирих и Луцерн се метрополите кои го одзимаат здивот на секој што ќе ги посети, дел од ексурзиите е и преубавиот град Ст.Гален. Исто така, нови моменти нудат и преубавите водопади на Рајна и Швајцарскиот научен центар Технорама. Височините на Алпите, посетата на планината Сантис го заокружуваат престојот на учениците во детсткото село Песталоци кој резултира со насмевки, нови пријателства и енергија со нови искуства.

**300 СТУДЕНТИ ОД ФТБЛ ВО ПОВЕЌЕДНЕВНА ПОСЕТА НА СРБИЈА** **Сабина Трајкова**

# Саемот за туризам во Белград- практично искуство за студентите



Студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика при УГД во рамките на својата практична настава посетија неколку туристички манифестации и капацитети во Белград. Со цел да го надополнат своето теоретско знаење, тие беа на најголемиот регионален саем во Белград, со запознаа со свои колеги туристички водичи во Србија и го посетија хотелот „Хајат" - еден од најголемите хотелски капацитети на Балканот. Студентите беа водени од професорите и асистентите од овој факултет кои истакнаа дека ваквите посети им овозможуваат на студентите да се здобијат со многу искуство кое понатаму им користи и при процесот на вработување. Генерално сите студенти беа презадоволни од оваа можност, иако на некои од нив не им е првпат да бидат дел од практична посета на други држави. Голем дел од студентите до сега имаа можност за пракса во Германија, Шпанија, Србија, Бугарија и во Грција. Повеќе за случувањата во Белград ни раскажаа и самите студенти кои беа таму.

**Борче Илиев**



Втора година сум на Факултетот за туризам и бизнис логистика и сум многу среќен што присуствував на саемот за туризам и угостителство. На овој саем бевме 4 дена и за мене имаше голема важност, бидејќи се стекнав со практично искуство, многу знаење и нови пријатели. Посетата на хотелот Hyatt Regency имаше преголема важност за мене, бидејќи овој хотел е еден од најдобрите во регионот и е преубав пример за тоа како треба да изгледа една врвна хотелска организација и услуга. Преку саемот добивме подобра перцепција за во иднина да знаеме како се организираат туристички патувања и каква е работата на терен. Посетивме повеќе угостителски објекти во кои правевме анализи на нивните јадења и дегустации на пијалаци. По посетата на саемот си разменувавме свои мислења и коментари со нашите колеги, за тоа кои јадења на каков начин се приготвени, кои вина се подобри и со каков квалитет се направени.



**Младен Мицевски**

Саемот за туризам во Белград е еден од најважните настани и секој што има допирни точки со угостителството и туризмот треба да присуствува, бидејќи се зацврстуваат теоретските знаења и практичниот контакт со нивниот избор на студии. Саемот нуди огромни искуства, нови контакти, проширени видици, иновативност, креативност и пред сѐ инспирација за нас студентите. Јас по вторпат присуствувам на овој саем, и искуствата беа надополнети оваа година и оставија впечаток дека од година во година овој настан нуди повеќе можности земајќи ја во предвид динамичната и променлива природа на туризмот. Вклучувајќи се во настан и во простор во кој околу тебе е сѐ туризам и угостителство не наведе на потврдување на нашиот избор и не увери во моќта на туристичката индустрија која нуди големи професионални можности. Посетата на хотелскиот синџир „Hyatt Regency" беше вистина огромно искуство за нас, кој е еден од најдобрите во регионот, ни даде можност голем дел од нашите знаења да ги видиме во практика и како да ги надополниме. Посетата на традиционални и современи угостителски објекти ни даде можност да го анализираме нивното функционирање, понуди, капацитети, локации, концепти на работење и цените. Следејќи го трендот на современи и брзорастечки видови на туризмот, особено на меѓународно ниво, посетата на трговскиот центар „Ушче" не однесе во светот на т.н. шопинг туризам. Самото следење на организирањето и реализирањето на оваа програма ни ги посочи сите битни елементи кои треба да се земат во предвид за креирање и реализирање на еден ваков туристички аранжман.

**Ана Марија Наќева**



Јас како студент во прва година на Факултет за туризам и бизнис логистика, по прв пат бев присутна на саемот во Белград. Ова е големо искуство за нас затоа што директно се вклучиве во практичниот дел на нашите студии. Бевме сведоци на многу изложени понуди на голем број туристички агенции од Балканот. Во Белград бевме 4 дена со целосна секојдневна агенда. Првиот ден веднаш по пристигнувањето бевме гости на најголемиот саем за туризам во нашиот регион. Веднаш следниот ден имавме прошетка со водич на добро познатата улица Кнез Михајлова, но и посета на Калемегдан, каде што ни беа објаснети нивните настанувања и историјата за градот Белград. Вечерта ја поминавме во познатата кафеана „На Води" , каде што ја имавме честа да бидеме директно поздравени од музичката група која не забавуваше до раните утрински часови. Наредниот ден ни помина во посета на хотелот Хајат и на уште неколку големи туристички објекти каде што имавме можност да се вклучиме во директен контакт со менаџерите, но и вработените, што многу значи за зголемување на нашето знаење.





Ѓорѓи Ефремов

# Јас не сум млад, не сум студент

Сметам дека расудувам и градам ставови без пристрасност. Затоа, верувам дека неретко сум во право за работите кои ги засега половина од општеството – младите, а со тоа и студентите.

Одамна планирам да почнам да ги славам деновите кои ми донеле настан во кои сум се почувствувал вистински студент, кој нормално разговара со друг студент за работите кои го засегаат. А ако летаргијата, безидејноста, нееудицираноста и се што укажува на примитивизам се карактеристиките на денешниот млад човек, тогаш, чест ми е да Ве известам дека не сум млад човек.

Робуваат на нечие авторитетско мислење без претходно резонирање. Интелектуалната работа им е сведена на продавање „Авон" производи, изработка на семинарска работа, пополнување артикли во конфекции и притоа искажување чувство на задоволство, муабети за автомобили. Не го почитувам правилото кое вели дека изборот на мнозината е вистински, најдобар или валиден, како милувате. Затоа често сум во ситуација, „1 vs многу" за еден прост предмет на дискусија, кој завршува со потсмев и повлекување, знаејќи дека не се „мери" издржаноста на аргументите, туку бројот на оние кои се против него.

И ајде да почнам со клишето: Младите ги „држат" кафулињата, тешко да најдеш место каде можеш да пиеш кафе без да забележиш дека некој те посматра и тоа како си облечен, што пиеш, со кого седиш. За излегување да не зборувам. Никогаш не се живеело со самосвест и морал. Имам чувство како да живеам во првобитна заедница каде се водело борба за физичка доминација, камуфлажа, забрзана еволуција на градење систем кој ќе го оспособи (во овој случај) младиот да се измолкне и здобие со привилегии и успех без физички и ментален замор. Основа за респект е убавината над се, финансиска моќ и социјален статус. Совет на млади при Општина Штип има регистрирано нешто повеќе од 680 членови. Според податоците кои ги добив, активноста на младите за одредени настани при оваа бројност на членовите и резервна бројка за учесници кои не се членови е не повеќе од 50тина учесници. Ако го земам фактот дека Штип е студентски град оваа бројка е смешна. Учеството на студентите во работата на медиумите на универзитетот, радио, весник и веб портал во овој момент се девет студенти од кои само 2 од факултетот за новинарство. А бројот на студенти на факултетот за новинарство е 25 студенти. Максимланиот број на студенти вклучен во работата на универзитетските медиуми била 24 студенти. Додека пак, бројот на активни учесници во работата на СП на УГД варира од 40-50 учесници. Ако сте задоволни со бројките "welcome to the club".

Живеам во време кога учењето е животно зло, доживеано како религија во која секогаш постои борба помеѓу доброто и злото, во овој случај доброто е ако им фати молитвата да се „догребат" до шестка. Зад шестката како „успех" се крие ниско ниво на свест и морал, а со тоа и отсуството на безброј прашалници - што со ова (не)знење?

Кратка постапка, скратен потпис, усна молба, оправдување, скратена скрипта – 4 години.

Во општество во кое интелигенцијата е опозиција, никогаш не ја потценувај моќта на примитивизмот.

Со разочарување, Ѓорѓи Ефремов



**ИНОВАТИВНИОТ УДАР НА ИНТЕРНЕТОТ** Габи Клетничка

# Влијанието на новата технологија врз психо-физичкиот развој





Денес на големо се чувствува иновативниот удар на најпознатата меѓународна мрежа – интернетот. Секаде во светот главна преокупација на секој млад човек од неговата четврта година се информативно комуникациските технологии. Овој удар кои што ја зафаќа целата земја од ден на ден станува по влијателен како врз општеството и политиката, така и врз ставовите и мислењата на секој млад човек. Со ова луѓето се во состојба воопшто да не излегуваат од своите домови, бидејќи комуникацијата преку компјутерите и смарт телефоните е многу побрза и поуспешна.

При спроведување на анкети се докажува дека 90% од населението е опседнато со електронските уреди и тие неможат да го замислат животот без нив. Оној мал процент од населението кое не ги користи информативно комуникациските технологии се луѓе во поодминати години. Преголемата употреба на новата технологија уште од мала возраст доведува до појава на голем број проблеми, така што за 2015 година во Република Македонија 145 илјади луѓе побарале потврда за подигање на ортопедски помагала, кои воглавно се за искривен рбетен столб, како и проблеми со вратот. Покрај ова при прегледување на видот на децата во основните и средните училишта околу 200 дечиња се со оштетен вид и се тоа е поради секојдневното користење на компјутерите и телефоните.

Информативно комуникациските технологии имаат голема предност и важност во извршување на секојдневните активности, но при нивната употреба се соочуваме и со многу здравствени проблеми кои може да остават големи последици врз развојот на една млада личност.

„УРИВАЊЕ“ НА СТЕРЕОТИПИТЕ ЗА МАШКО-ЖЕНСКИТЕ РАБОТИ

Александар Стефановски

# Стереотипи за половата нееднаквост




**Разликите во половите се очекувањата за начините според кои мажите и жените би требало да размислуваат и да се однесуваат. Односно тоа се социјални стандарди, стереотипи, прописи кои со текот на времето се вмрежувале во начинот на функционирање на луѓето. Половата нееднаквост своите корени ги има уште од минатото во првите облици на цивилизацијата. Тие корени достигнуваат се до традиционалните земјоделски практики и уредувањата на семејните односи во прединдустрискиот период, што влијаело на полово сегрегираната поделба на трудот, традиционалното сфаќање на улогата на жената и на развојот и опстанокот на половите норми. Најчести стереотипи кои им се препишуваат на мажите се црти на личноста како доминација, доверба во себе, агресивност, способност за лидерство и др. Додека пак жените се поврзуваат со карактеристики на зависност, анксиозност, емоционалност и др.**

Времето во кое живееме, во кое владеат човековите права и слободи им овозможува и дозволува на сите индивидуи да можат да станат она што тие го сакат, без некој да им го наложи. Семејствата се засновани врз договор во однос на обврските, децата, работата. Додека порано не било така, мажот заработува, а жената се грижела за домот и домашните обврски. Тука би сакал да споменам еден интересен пример тотално спротивен од горната реченица кој секогаш ми доаѓа на ум во врска со оваа тема, а тоа е примерот за едно модерно семејство во кое жената по породувањето продолжува да работи, а мажот зема породилно отсуство од работа за да се грижи за новороденчето. Знам можеби ова ви изгледа бизарно, но се случува во напредните општества во кои има помалку стереотипи. Во однос на овој интересен пример би сакал да наведам уште неколку такви примери кои се пркосат со стереотипите. Такви се ситуациииите кога има мажи кои мијат садови и бришат прашина, жени кои одат во теретана и вежбаат со тегови. Мажи кои мразат фудбал и спротивно на тоа жени кои играат или обожаваат да гледаат фудбал, жени кои се возачи на такси превоз или камион, мажи кои готват и чуваат деца, жени кои уплаќаат во спортски обложувалници. Стереотипите за машко-женските начини на однесување, размислување и фукнционирање постоеле отсекогаш и веројатно ќе постојат уште многу долго, но со оглед на времето во кое живееме, брзиот развој на општеството, глобализацијата, достапноста на образованието и ред други работи можно е овие стереотипи да се намалат, да се прифатат, а нормално и да исчезнат со текот на времето.








КОЛОНИЈАЛИЗМОТ ВО 21 ВЕК

Анита Талеска Китановска

# ФРАНЦИЈА ДЕМОКРАТСКА РЕПУБЛИКА ИЛИ НЕОКОЛОНИЈАЛНА СИЛА

**Наместо колонијализмот како главен инструмент на империонализмот, ние денеска го имаме неоколонијализмот. Терминот неоколонијализам ја означува патронската и угнетувачката политика на развиените земји кон земјите во развој или земјите од третиот свет. Во потесна смисла значи обидот на бившите колонијални сили со разни методи (економско-политички) да го зачуваат своето економско, политичко и воено влијание врз бившите колонии.**

Дали сте знаеле дека 14 Афрички држави, некогашни француски колонии и ден -денеска плаќаат колонијален данок на својот колонизатор-Франција. На овој начин Франција инкасира окулу 500 милијарди долари годишно.

**БЕЗ АФРИКА БИ БИЛЕ СИРОМАШНИ**

„Без Африка, Франција би била во друштво на земјите од третиот свет“ - изјавил францускиот претседател Jacques Chirac во 2008 година. Francois Mitterrand, неговиот преходник во 1957 година изјавил: „Без Африка, Франција нема да има иднина во 21 век„. Во овој момент 14 Афрички земји плаќаат колонијален данок како резултат на колонијалниот пакт со Франција, во висина од околу 85% од нивните државни резерви кон Француската Централна Банка која е под контрола на француското Министерство за финансии.




**СЛОБОДНИ АМА СИРОМАШНИ**

„Повеќе сакаме да бидеме слободни и независни во сиромаштија, отколку богати во ропство„ - е славнато мото на Sekou Toure кој прв ја поведе Гвинеја кон независност од француското колонијално ропство во 1958година. Француската политичка елита била толку бесна што при повлекувањето на французите од Гвинеја направиле голем хаос и пустош. Тоа било силна порака за останатите афрички колонии да не појдат по стапките на Гвинеја. Sylvanus Olympio е прв претседател на Република Того- мала држава во западна Африка кој пронашол компромисно решение со Французите. Не сакал неговата држава да биде под Француска власт, но исто така не сакал да биде опустошена како Гвинеја. Тој одбил да се продолжи пактот за колонизација што го предложил тогашниот француски претседател Charles De Gaulle, а се сложил да плаќа годишен колонијален данок на Франција, како цена за слобода и независност. Тоа бил единствен излез, во спротивно Французите ќе го повтореа пустошот што го направија при напуштањето на Гвинеја. Износот што Того требало да го плати на Франција бил преголем, а изнесувал окулу 40% од тогашниот државен буџет во 1963година.

Франција не е единствена. Тука е и Велика Британија, која меѓу другите територии го држи Гиблартар. За разлика од другите подрачја кои сеуште се сметаат за Британски територии, Гибралтар се смета за европска територија и е дел од Европската унија. Понатаму за Гиблартар не се користи називот колонија, туку прекуморска територија. Иако имаат своја влада- должни се да ги почитуваат законите на владата на Велика Британија.

Франција за своите колонии прифати независност, но само на хартија. Потпишан е обврзувачки пакт во кој детално е објаснета природата на односите со Франција, а посебно во доменот на користењето на француската колонијална валута (франк), применета на францускиот образовен систем, комерцијалната предност и војската. Ова се главните одредби на Колонијалниот пакт од 1950 година.






Главните Одредби на Колонијалниот пакт од 1950година

**КОЛОНИЈАЛЕН ДОЛГ**

Сите новонастанати независни држави треба да платат за инфраструктурата која ја изградила Франција за време на колонизацијата;

**НАЦИОНАЛНИ РЕЗЕРВИ**

Сите бивши колонии мораат да ги депонираат своите монетарни резерви во Француската централна банка која е под контрола на француското Министерство за финансии. Груба проценка е дека Франција годишно зема окулу 500 милијарди долари од земјите кои практично и немаат пристап кон своите пари;

**ПРИРОДНИ РЕСУРСИ**

Франција има ексклузивно право на новооткриените природни ресурси на териториите на бившите колонии;

**ЈАВНИ КОНКУРСИ**

Бившите колонии мораат на конкурсите да им дадат предност на француските фирми;

**ВОЈСКА И СОЈУЗИ**

Сите кои сакаат да стекнат чин во војската на својата држава мораат да поминат обука во Франција. Државите се обврзани на сојужништво со Франција во случај на војна и имаат забрана за влегување во воен сојуз со други држави;

**СЛУЖБЕН ЈАЗИК**

Обврска е да францускиот јазик биде службен јазик на тие држави и да се користи и изучува во образованието;

**ПОДНЕСУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ**

Државите мораат да испраќаат годишни финансиски извештаи за финансиската состојбата на земјата.

**НОВИ ПРЕМИУМ СМАРТФОНИ** — Дејан Јанкоски

# LG G5, новата скапа играчка



Додаток играчка за G5
LG CAM
Ова е дополителен модул кој што ќе го обожаваат љубителите на фотографијата. Претставува уред кој се надоврзува на батеријата од смартофнот и има дополнителни опции како зумирње кај стандарна DSLR камера, посебно копче за сликање и снимање како и зголемување на капацитетот на батеријата.

Ова е смартфонот со кој што ќе сакате да си играте. Годинава добиваме сериозни подобрувања во неколку сегменти, една иновативност која не е достапна на ниеден модел на пазарот и одстапка од дизајнот на оваа серија од G смартфони на LG

**Иновативност/Дизајн**
Ова е прв смартфон од страна на LG кој е изработен целосно од метал со што предниот и задниот дел претставуваат една целина, нема рамка. Трикот е во начинот на поставеноста на батеријата. Целта на LG е да имаме смартфон со целосно метален дизајн и можност за вадење на батеријата така што на долниот дел од смартфонот имаме модул (капак) на кој е прицврстена батеријата со што кога се вади капакот се вади и самата батерија без да се наруши ергономијта на самиот уред.

**Камера**
Овој самртфон поседува три камери вкупно, од кој две се наоѓаат на задната страна и една камера на предната страна. Која е потребата од две камери позади? Целта е да се постигне поголем агол односно поголемо видно поле на камерата додека сликаме. На овој начин добиваме можност да сликаме поголем простор без да се изгуби квалитетот на сликата.

**Хардвер**
LG G5 го поседува најмоќниот процесор Snapdragon 820 наменет за мобилниот пазар, екран од 5.3 inches во quad hd резолуција, 4 GB RAM, новиот usb-c, скенер за отпечаток од прст, можност за мемориска картица како и многу други карактеристики.
Секоја година од страна на LG добиваме нови модели на смартфони кои носат нови иновации во себе. Од самите спецификации на уредот јасно е дека LG сака да биде врвот во премиум класта на смартфони каде што во моментов војуваат apple и samsung. Доколку планирате да се подновите со премиум смартфон дадете му шанса и започнете ја играта.

**НОВ ЧЛЕН НА ГАЛАКСИ МОБИЛНАТА ФАМИЛИЈА**

# Новите ѕвезди во галаксијата на Samsung, Galaxy s7 и Galaxy s7 edge

Супериорност во секој поглед. Секоја година очекуваме нешто ново и поиновативно, но оваа година добиваме нешто што е старо-ново, односно смартфонот е нов но со стари барања од страна на корисниците. Генерално имаме подобрувања на неколку полиња оваа година. Вратена е водоотпорноста, мемориската картица, подобра камера како и дизајн, поголема батерија итн. скоро се е совршено.

**Дизајн**
Дизајнот останува скоро идентичен како на ланските модели s6 (edge). Промената е минимална, односно кај s7 имаме мала заобленост на рамката од задната страна, додека кај s7 edge заобленоста на рамката е од предна страна со што смартфоните може да се користат со една рака. Материјалите остануваат исти, стакло и метал. Двата модели ќе бидат достапни во четири бои: црна, златна, сива и бела.

**Хардвер**
Тука имаме подобрување во неколку сегменти. На пазарот ќе има по две верзии од секој модел. Првата верзија е наменета за азискиот пазар со Samsung Exynos процесор, додека за остатокот од светот е верзијата со Snapdragon 820 процеор. Реално нема некоја забележителна разлика во перформансите. Тука е и RAM меморијата од 4 GB колку што имаме и на нашите персонални компјутери. Мора да се забележи дека има зголемање на капацитетот на батеријата, 3000mAh за s7 и 3600mAh за s7 edge како и враќање на опцијата за мемориска картица.

**Камера**
Оваа година добиваме камера со помалку пиксели, но поголема бленда. Во овие модели за прв пат од Samsung имплеметираат технологии кои се достапни на DSLR камерите кои се користат за брзо фокусирање. Со зголемувањето на пикселите како и поголемата отвореност на блендата од f1.7 се овозможува сликање и снимање на материјали со подобар квалитет во темни услови.

**Дополнителни можности**
Овие два модели се водоотпорни, ја имаат опцијата “Always on”, односно додека телефонот ви е во мирување на екранот ви стои часовникот и дел од нотификаците со што на тој начин секогаш ќе имате можност да проверите колку е часот или кој ве барал без да го вклучите смартфнот.

Сите овие подобрувања се по барање на корисниците кои ги согледаа како недостатоци од ланските модели. Односно оваа година сите тие недостатоции се имплементирани и овие модели се доведени скоро до совршенство. Доколку сакате да бидете ѕведа во вашата глаксија, слободно изберете еден од овие два модели.








**МОДА И СТИЛ ЗА УРБАНИ МОМЦИ** — Анита Талеска Китановска

# 7 Урбани и стилски модни машки комбинации



Прво и основно правило- не претерувајте, нека биде едноставно. Магијата ќе ја постигнат и шик кошула, тренди фармерки и патики. Не сте на свадба.

**Се подготвувате да излезете на прв состанок со девојката што ви се допаѓа. Можеби се подготвувате да одбележите некој посебен ден со вашата девојка. Специјалната пригода е веќе зад аголот. Со жар се подготвувате, барате поклон и убаво место за да поминете незаборавно време со саканата. Дали со ист жар размислувавте каков аутфит да одберете за состанокот? Облекувањето на соодветен аутфит за посебниот состанок е исто толку важно како и прекрасното поминато време со саканата, импресионирајќи ја. Издвоивме 7 супер модерни и проверени стилови кои со сигурност ќе ви помогнат да импресионирате. И секако на крајот, не заборавајте да го понесете вашиот шарм и насмевката.**



Поиграјте со стилот, облечете сако со фармерки, без вратоврска. Внимавајте бојата на каишот да одговара со бојата на чевлите.



Нека ве инспирира Бекам- облечете карирана кошула со фармерки. Полн погодок.

Тексас јакна во интересна комбинација со шал, елече или тренди маица никогаш нема да Ве изневери да импресионирате со стил.



Облечете бомбер јакна, апсолутен моден тренд оваа сезона.





Кожна јакна во комбинација со тренди фармерки- секогаш успева.





Доколку сакате да облечете одело, нека биде во кежуал варијанта, во комбинација со маичка.

ВО ЈАПОНИЈА СЕ СЛАВИ ЦУТЕЊЕТО НА ЦРЕШИТЕ

Марија Лазовска



# Ханами – црешова магија во Јапонија

**Ханами е настан во Јапонија кој го слави цутењето на црешите во земјата кои ги има во голем број. Овој настан има посебен дел од древната традиција која се случува во Јапонија. Со почетокот на пролетта и цутењето на дрвјата сите граѓани ја негуваат традицијата и одат на пикник во парковите. Поради големата населеност во земјата, честопати се случува да нема место па затоа јапонците заминуваат во раните утрински часови за да чуваат место за своите блиски и пријателите. Одредена група на луѓе седи под сакура т.е црешово дрво и ужива во убавините на расутерните крошни. Интересно е тоа што имаат специјално мени во чест на овој настан.**



**Онигири**

Онигири е ориз во алги, има различни начини на подготвување. Според индивидуален избор, во оризот се става месо, соја или овошје, а некои јапонци во чест на празникот го бојат оризот во розова боја.



**Месо и зеленчук**

Зеленчукот, месото и рибата се дел од јапонската трпеза секојдневно. Па тоа не е исклучок и за време на вакви настани. Карааге е еден интересен и лесен специјалитет кој е омилен на секој јапонец. Прженото пилешко месо со специфичен вкус се служи со соја сос.



**Мисо**

Мисо е вкусна паста направена од соја. Се јаде во мали количини и има зачинет вкус.

За време на овие настани се служи и познатата „мисо" супа, која е дел од традиционалните јадење во Јапонија.





**Колоритни кошници**

Јапонската кујна е специфична и шареноликa, а слатките се неминовен дел од овој настан.

Кога станува збор за декорирање и подготвување на храна јапонците се вистински мајстори.

Тамагојаки е омлет со шеќер и соја сос, се сече на мали парчиња за да биде полесно консумирањето. Мочи е колачиња кои припаѓаат на групата вагаши кои се традиционални јапонски колачиња.



**Ханами бенто**

Бенто е кутија со храна која може да ја купите секаде. Луѓето кои имаат премногу обврски и не успеале да подготват храна за овој настан си купуваат ханами бенто.

Кутијата содржи храна која традиционално се јаде за време на овој настан.

**Витаминската бомба, смуди**

Многумина од вас го слушнале зборот смуди, а некои од вас можеби и го вкусиле.

Станува збор за пијалак кој е витаминска бомба со неверојатен вкус.

Смуди е мешавина од овошје и зеленчук. По ваш избор може да додадете и овесни снегулки кои се одлични за вашиот желудник.

Некои преферираат да го подготвуваат со млеко или вода, а други со мраз.

Како и да го подготвите сигурни сме дека на крајот ќе имате одличен резултат.

Овој напиток им го олеснува животот на оние кои живеат брзо и немаат време за здрав оброк.

Ние ве советуваме да биде дел од вашата секојдневна исхрана, ќе ви овозможи повеќе енергија и желба за да ги пребродите обврските во текот на вашиот ден.







ИНТЕРВЈУ СО ФОТОГРАФОТ СТЕФАН СОКОЛОВСКИ- BADSTEF

Тереза Николовска



# Млад фотограф кој плови во водите на совршенството

Стефан Соколовски е студент на филмска академија на ЕСРА, „Универзитет за аудиовизуелни уметности" - Скопје, истовремено перфекционист и фотограф кој живее во Куманово. Со фотографијата започнува да се запознава и спријателува уште на 14 годишна возраст. Уште од тогаш фотографијата за него претставува љубов, професија и работа. Работата и активноста на младиот Соколовски може да се следи и преку профилот на социјалната мрежа Фејсбук, односно на неговиот фан пејџ https://www.facebook.com/SokolovskiStefan. Во разговор, Соколовски ни даде објаснување за неговото уметничко име "BadStef" ни ја откри неговата визија и мото, дека сите негови фотографии се недоволно добри, "лоши" – неперфектни и дека секоја негова идна фотографија претставува подобрување и поголемо кршење на имперфекцијата.



**Кога почна со фотографијата?**

Може ли накратко да ни го опишеш мигот кога за прв пат почна да фотографираш.

Секако, тоа беше кога го добив мојот прв полупрофесионален апарат како поклон кој подоцна беше мој верен придружник секаде со мене. Но, самата идеја да почнам да се занимавам со фотографија е самата уметност односно цртањето, со текот на времето моите способности за цртање ги трансформирав во цртање со светло – фотографии.

**Што те поттикна да започнеш со фотографија? Од каде ја црпиш твојата инспирација?**

Искрено најмногу ме поттикна желбата на останатите околу да ги покажам како јас лично ги перципирам и доживувам работите околу мене. Убавината е многу присутна околу мене секогаш, во секоја смисла и во секој свој вид. Убави нешта, случувања, искуства и пред се' луѓе. Тоа е всушност мојата најголема инспирација – луѓето и нивните животни стории, секоја различна и поинаква.



**Ако во новинарството веста треба да ги содржи одговорите на сите 5+1 новинарски прашања, што треба да содржи една фотографија за да биде вредна за објавување?**

Убава композиција, убав лик, добро осветлување, динамичност, јака експресија и остри црти во потполност истакнати кај моделот.

**Може ли да се живее само од фотографијата?**

На наши простори дефинитивно не, но сепак доколку се вложат поголеми напори може да се изведе нешто.

**Има ли кај нас доволно едукативни места каде може да се напредува во полето на фотографијата?**

Да, во потполност. Постојат многу курсеви по фотографија, поголем дел од нив се речиси бесплатни и може секој да учествува и да се надградува. Квалитетот и вредноста на едукацијата со која ќе се стекнат се дискутабилни, но сепак постојат многу добри школи и семинари во оваа област.



**Која е твојата лична максима што сакаш да ја постигнеш во однос на фотографијата?**

Да изработувам едиторијали и кампањи за светските познати модни брендови во високата мода и да соработувам со најпрестижните манекенки и фото модели. Да не ги набројувам бидејки имам многу фаворити.

**Твојот став кон фотографијата?**

Уметност која за мене е непроценлива, корисна, неопходна и составен дел од мојот живот, начин на гледање, размислување и изразување.

**Апаратот е магија, како ја доживуваш?**

Како нешто што постои само доколку потполно и во целост се посветиш на фотографијата со огромен труд, љубов и амбиција и како нешто што го маѓепсува и гледачот само доколку го дадеме нашиот максимум и ја пренесеме нашата визија безкомпромисно.

**Кој е Стефан приватно, како Стефан го поминува своето слободно време?**

Секогаш на кафе или на некоја пијачка со убаво друштво, на гости кај драги луѓе, на прошетка или на некоја кратка екскурзија.



ИНТЕРВЈУ СО ПЕЈАЧОТ МАРИО АРАНГЕЛОВСКИ

Никола Ивановски

# „Во Македонија нема естрада, а има неоспорен квалитет“



**Млад, успешен и цврсто решен да се бори за своето место на скромното, но квалитетно музичко небо. Марио Арангеловски е студент на Филозовскиот факултет, по потекло од Куманово кој изминатиот период учество зеде на повеќе домашни, но и странски шоу програми за млади и талентирани пејачи. Неговата нова песна е во студиска подготовка, а по тој повод направивме интервју за неговите искуства во изминатиот период, но и идните планови со кои ќе ја освојува македонската публика.**

**Неодамна учествуваше во првото македонско музичко реално шоу „На иста адреса“, но истото пропадна. Зошто?**

Конкретно објаснување за исклучување на првото Македонско музичко реално шоу од програма не добивме ни ние, учесниците. Информациите што беа споделни со нас од страна на продукцијата треба да останат во тајност. Имено, концептот на ова шоу беше приказ на млади, талентирани луѓе кои полека, но сигурно треба да се истакнат во оваа машинерија, наречена шоубизнис. По емитувањето на програмата, дотичната телевизија побара да се промени концептот, наместо пејачи, да се внесат старлети, манекенки и контроверзни ликови, на што нашата продукција не се одважи, сакајќи да го одржи ветеното и да остане при првичната идеја и концепт за музичко реално шоу.

**Како си задоволен од твојот престој во реалното шоу и луѓето што таму ги запозна?**

Единствено жалам за тоа што прекрасната идеја беше лошо реализирана. Влегов во првите шест (финалисти), благодарение на гласовите од публиката. Што е огромен успех за мене. Можеби шоуто не беше толку актуелно, но во неделата, кога се одржуваа гала вечерите телевизијата која го пренесуваше шоуто имаше најголема гледаност која никогаш претходно ја немала. Што исто така е успех. Всушност, во неделата го презентиравме она вистинското, за што и сите бевме влезени таму. Постојат многу грешки, како од наша страна, така и при реализација, имајќи го предвид и техничкиот дел. Но, сепак, преживеав реално шоу, какво – такво. Со повеќето од учесниците останав во контакт. Иако дел од нив ги знаев од претходно, нашето дружење се интензивираше со учеството во шоуто. Даниел Николовски и Александра Михова би ги одвоил, доколку морам. Но, често се гледам и со Зои, Марија, Златко, Стефан, Вики. Останав во контакт и со Весна Петрушевска, Боки 13, Роберт Билбилов, Анета Качуркова, со кои секојдневно се слушам, ме насочуваат и ми помагаат при реализација на моите понатамошни планови.

**Дали би учествувал во некое реално шоу од оние кои моментално се емитуваат во регионот?**

Сите што ме познаваат, знаат дека сум љубител на реални шоуа. Не затоа што мислам дека тоа е нешто на што треба да се угледаат младите. Но, како надежен социолог, го гледам тоа како идеален приказ на модерното време во кое живееме. Зад тие проекти, наречени реални шоуа стојат огромни продукции, интелектуалци, кои и тоа како знаат кого и зошто да внесат внатре. Кога ние од страна го гледаме тоа, некогаш изгледа премногу вулгарно, лошо, непријатно, но да не се лажеме, тоа е се' дел од нашето секојдневие, повеќето од нас го прават истото тоа, но без присуство на камери. Имено, јас имав една понуда за учество во регионално реално шоу, но поради неисполнување на моите услови, не прифатив да влезам. Што не значи дека не сум спремен за една таква авантура. Примамлива понуда е секогаш добредојдена. Иако, моето омилено реално шоу беше еднаш емитуваното „Операција тријумф“ и „Survivor“.

**Во изминатиот период учествуваше на неколку музички програми во земјава и во странство. Како си задоволен од она што го прикажа таму?**

Моето често појавување на ТВ екраните при учество во разноразни музички натпревари го сметам за моја грешка. Не жалам за стекнатото искуство, кое е неоспорно, но сепак сметам дека пејач излезен од музичко шоу никогаш нема да има иста тежина како пејач кој ќе почне сам, без појавување на било каков натпревар. Константно доживување на инстант слава станува напорно. Чувствувам обврска кон сите луѓе кои веруваат во мене и луѓе кои ме следат на социјалните мрежи. Затоа се надевам дека во блиска иднина нема да се појавам на уште некое музичко шоу, како би можел да се стекнам со константна популарност и луѓето кои милуваат да ме слушаат, следат и читаат веруваат во мене и ме разбираат на вистински начин.

**Сметаш ли дека има квалитет на македонската естрада?**

Нема да должам. Сметам дека во Македонија нема естрада, а има неоспорен квалитет. Постојат многу млади, талентирани луѓе, но нема каде да се презентираат. Постојат и многу луѓе со огромен багаж зад себе, но веќе не се појавуваат, полека, но сигурно се повлекуваат. Главните ѕвезди во Македонија се политичарите, а кога некој е толку актуелен, како дотичните, конкуренцијата не дозволува да се истакне квалитет. Затоа константно гледаме и засведочуваме празни и апсурдни муабети, сечени, лепени и монтирани приказни. Тоа не е квалитет, ниту естрада. Тоа се само луѓе кои ја полнат жолтата штампа, а ние другите седиме дома и чекаме ред.

**Кога би можел да бираш меѓу македонската и некој од странските сцени, дали би ја напуштил земјава?**

Никогаш не сум бил квази патриот, па нема ни сега. Се дур Македонија е во ваква застрашувачка состојба, дур не ми нуди никаков просперитет, во прва прилика би ја напуштил. Да не бидам разбран погрешно, јас ја сакам Македонија, го сакам овој јазик, оваа традиција. Но, не и овој менталитет, овие квази промени, структура, однесување, лажен морал и сите неправилности со кои се соочуваме. Борбата е дел од мојата животна мисија, но чист образ и достоинство се нештата што јас сакам да ги задржам до крајот на животот.

**Со кој од македонските пејачи или пејачки би остварил дует?**

Со секого, доколку тоа би предизвикало адекватно проследување од страна на медиумите. Денес сите прават нешто со предигра, доколку не гледаат иднина во тоа, не го ни презентираат во јавност, така да, само се вклопив во таа машинерија. Свесен сум дека не создавам и презентирам уметност, иако сум уметник во душа, живеам таков живот и приватно учам од уметници.

**Што освен музиката е страст и хоби за тебе?**

Фотографијата е нешто со што одамна се занимавам. Немам професионална опрема, но од тоа што го имам пробувам да го извлечам најдоброто, и тоа одлично ми оди. Освен фотографијата, сакам да пишувам, да дискутирам, да набљудувам и анализирам, да учам, да читам книги, да гледам филмови, сакам се' што може да донесе позитивни промени во мојот живот или да ме одржи на висока вибрација.

**Кога не би се занимавал со музиката што би избрал за професија?**

Медиумите се мојата судбина, чинам. Доколку не се појавувам во нив како јавна личност, веројатно би го работел она спротивното, би работел со јавните личности и јас би пишувал за нив.

**Кои се твоите идни планови во кариерата?**

Реализирање на сите мои планови и куп идеи кои ми поминуваат низ глава. Сакам целосно да и се посветам на музиката, притоа да го завршам факултетот, да му се посветам на здравјето, да вежбам. Да го достигнам врвот и да уживам во животот, умен и успешен.





ЛЕГЕНДА КОЈА ГО ОБИКОЛИ СВЕТОТ, БЛАГОДАРЕНИЕ НА УНИКАТНОСТА

Милена Станишковска

# Куклица, сведок на минатото



**Доколку патот некогаш ве наведе во Источна Македонија, првата станица кај која вреди да се застане е селото Куклица. Куклица е мало село кое се наоѓа на само 8 километри северозападно од градот Кратово. Самото село не би било толку познато да не се карактеристичните ерозивни форми наречени земјени пирамиди, или како што ни се познати на повеќето од нас Камени кукли.**







**Ова место не само што е магично при првиот поглед, туку со себе носи и многу интересна легенда, која и до ден денес ги интригира и забавува посетителите. Легендата е за трагичната судбина на една млада девојка, која била многу заљубена во едно момче од селото. Но, момчето се оженило со друга, поради што од тага девојката со скршено срце им фрлила клетва на младенците. На свадбениот ден кога младенците се бакнале, клетвата се остварила и сите свадбари се скамениле. Поради овие скаменети “кукли” и местото го добило своето име - Куклица. Тука каде што легендата завршува, започнува приказната за убавината на местото Куклица. Овој геолошки резерват се наоѓа на височина од 430 до 700 метри. Тој е дар од природата кој постои од пред самото време, дури пред 10 милиони години, кога луѓето се' уште не талкале по Земјата. Вертикалната ерозија на вулканските карпи создала дури 148 “кукли” повисоки од десет метри, кои и денес се сведоци за имагинацијата на природата. Во Куклица исто така се најдени фосилни остатоци од дендро-флора, скаменети дрва. Ова му дава тежина на резерватот, затоа што го прави еден од единствените три резервати во целиот свет и истиот е заштитен од Агенцијата за природни реткости при Министерството за животна средина. Доколку сакате да заталкате во минатото, да посведочите за уметничката рака на природата, Куклица е вистинската дестинација за вас, посетете ја и препуштете се на имагинацијата.**





ПРВА САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА БЛАГОЈ КИТАНОВСКИ

Христина Спирова

# IKBKG: Да се врати класиката на тронот!







Момчето чив објектив неуморно твори за нашето студентско списание, оствари еден од низата свои сништа – својата прва самостојна изложба. На 19ти февруари Благој Китановски својата прва изложба ја оствари во просториите на Домот на млади каде мистеријата на 30 црно-бели фотографии беше достапна за сечив поглед жеден за една уникатна, младешка и освежувачка перцепција на реалноста. Овој пат во фокусот на неговиот објектив беше тимот на млади модни блогери кои себеси, заедно со Благој, тимски се претставуваат со името IKBKG, име кое доаѓа од презимињата на младите луѓе кои го сочинуваат овој тим: Јетон Исуфи, Наталија Крстова, Деан Бутевски, Благој Китановски и Ана Ѓорѓева, сите студенти при Универзитетот „Гоце Делчев“. Умешноста на фотографското око на Китановски испреплетено со креативните умови и модниот сенс на останатите членови на IKBKG се покажа како совршена комбинација на атрибути кои докажаа дека со доволна истрајност, решителност и амбиција, инерната визија на младите умови за моќта на класиката во модата, може да добие своја реализација. Токму моќта на модната класика е движечката сила во овој проект на IKBKG. Целта на тимот е да се тргне правта од класиката, која и покрај тоа што никогаш не изумира сепак бива заборавена во некое ќоше, па истата да се врати на модниот трон, и во овој случај, со целиот свој елегантен, црно-бел минимализам, да се излие во фотографијата на Благој. Предизвик за своето творештвото овие млади луѓе не бараат само во модата, туку и во одгатнувањето на бескрајната мистерија на постоењето заедно со вртлогот на меѓусебни релации, односи и врски, особено истакнувајќи ја различноста која, како што велат, создава суптилен систем на знаења. Токму како еден ваков систем го претставуваат и својот тим составен од шест различни битија сплотени во едно за кое што „едно“ велат: „постои со една цел: да го подигнеме она што одамна паднало – класиката, затоа што годините се нижат, а спомените остануваат како некое далечно минато, а ние, имајќи право на избор и слободна волја, можеме да одбереме дали ќе дејствуваме во сегашноста“. Тимот на IKBKG на чело со Благој и неговиот објектив успејаа со заеднички сили и сплотена креативност успешно да го остварат овој свој прв проект од чиј што исход, како што велат, се задоволни во целост. Нивната мисија не завршува овде, Благој и останатите членови на IKBKG веднаш по остварувањето на изложбата продолжија со активна работа на својот моден блог за кој што допрва подготвуваат нови фотографии и авторски текстови. Во најава се идни проекти и нова доза на освежувачки бран од артистичност за сите вљубеници во фотографијата и модата.









ИНТЕРВЈУ СО ТАТТОО АРТИСТОТ БОЈАН МАНЕВСКИ

Стефан Младеновски

# „Светот не го растураат тетовираните луѓе , туку оние во костуми и со кравати“

**Бојан Маневски е еден од попознатите tattoo артисти во Куманово и во Македонија. Тој со оваа професија се занимава од својата 15та година и веќе шеснаесет години го гради она што е денес. Неговото студио се наоѓа во самиот центар на градот и го носи името "Koi Fish". Бојан редовно зазема учество на натпревари кај нас и во соседните држави , но сака и својата уметност да ја покаже и на светско ниво. Поради тоа разговаравме со Маневски на неколку теми за неговото искуство во оваа професија**














**Постои ли заинтересираност кај младите за овој вид уметност?**
Постои и тоа со значително зголемување, не само кај младите туку и и кај постарите

**Кој вид на тетоважи најчесто се барани?**
Зависи од карактерот на клиентот каков мотив ќе избере , кај секој е различно. Најчесто се барани црно-бела (black and gray).

**Кој дел од телото најчесто е тетовиран ?**
Може да се каже  раката.

**Поголем дел од луѓето имаат предрасуди кон тетовираните луѓе , каков е твојот став?**
Јас немам предрасуди за тетовираните луѓе. Светот не го растураат тетовираните луѓе , туку оние во костуми и кравати

**Кога го откри твојот талент за тетовирање?**
Мојот талент за тетовирање е уште од мал, некаде на 14-15 годишна возраст се одлучив да започнам со тетовирање и од тогаш па до ден денес , околу 15-16 години целосно се занимавам со оваа уметност.

**Дали во иднина се гледаш како tattoo артист во Македонија или некаде надвор ?**
Нормално дека секој артист би сакал да се проба некаде на светски ранг. Во Европа оваа уметност е многу поценета и поисплатлива

**Кои се најнеобични тетоважи побарани од луѓето?**
Најнеобични тетоважи се на најнеобични интимни места.

**Дали имаш земено учество во некои натпревари?**
Учество земам редовно во Македонија, Србија и Бугарија , на кои имам освоено повеќе награди и сега се спремам за учество во Германија и пошироко

**Дали некои познати фаци се имаат тетовирано во твоето студио?**
Сум тетовирал и сеуште тетовирам познати бизнисмени, пеачи , актери , спортисти и познати јавни личности.

**Што е најважно за една добра тетоважа?**
Најважно е тетоважата да се изработи од квалитетен артист со квалитетни материјали и нормално потоа клиентот да ја оддржува како што треба

**Кое е твоето животно мото?**
Тетовирај се , а не дрогирај се.





РАЗГОВОР СО СЕМ ХЕНКИНС- ТРУБАЧ И КОМПОЗИТОР ОД ЧИКАГО

Николина Атанасова

# „Не можам да го замислам мојот свет без музика“







**Сем Хенкинс (Sam Hankins) е веќе познат и докажан трубач и композитор од Чикаго. Пред да ја засака трубата, работел како учител и исто така бил член на џез оркестар. Овој музичар добил високи признанија и награди, како и соработувал со голем број музички легенди.Тој штотуку ја доби и неговата најнова награда „ Indie Music Channel Jazz Radio Award “ за што вели:**
**„Чувствувам неизмерна чест што ја освоив оваа награда со оглед на тоа какви талентирани артисти беа номинирани во оваа категорија “**
**Овој познат композитор го заврши и неговиот најнов компакт диск наречен „ Joyous Celebration“. Сем смета дека овој диск е најдоброто нешто од него. Во моментот го компонира и работи на завршувањето и на неговото трето цеде, кое се надева ќе излезе за неколку месеци. Во ова интервју тој зборуваше со нас за неговиот прв контакт со музиката, за неговото образование, неговата омилена музика како и за успешната кариера.**

**Господнине Сем, кога се запознавте со џез музиката и како ја засакавте толку многу?**
Мојот татко, кој исто така е музичар, ме вовлече во музиката и мојот прв инструмент беше гитарата. Откако го гледав мојот идол, Луис Амстронг, јас знаев дека сакам да свирам труба во бенд. Кога го гледав и слушав се запознав со џез музиката, но кога станува збор за компонирањето, навлегувам и во други жанрови.

**Колку сметате дека формалното музичко образование влијаеше на вашата кариера и музичкиот развој?**
Формалното музичко образование ме научи како да ја читам музиката и како да ја читам публиката. Некој од артистите кои не се музички образовани за жал не го научија тоа. Многу пати од вас ќе се бара да направите тезга, вие нема да ја познавате музиката за играње, ниту публиката се додека не стигнете таму. Затоа ќе треба да читате од очите на публиката за време на настапот, бидејќи не постојат проби претходно.

**Би можеле ли да замислите што ќе бевте ако не бевте музичар?**
Работам како професор и директор на бендот. Не можам да го замислам мојот свет без музика, тоа е она за што сум роден да го правам, она што го знам и го сакам.

**Кои се вашите омилени музичари? На кои познати музичари им се восхитувате и зошто?**
Мајлс Дејвис (Miles Davis) е еден од моите омилени музичари како и Кларк Тери (Clark Terry), Фреди Хабард (Freddie Hubbard) и Том Браун (Tom Browne). Се восхитувам на тонскиот квалитет на Мајлс Дејвис, како и музичкото изразување и начинот на кој тој се приближува соло

**Од каде ја црпите вашата инспирација при компонирањето музика?**
Различни нешта ме инспирираат. Сето тоа зависи од она со кое се соочувам во тој период. Идејата може да ја добијам кога лежам во кревет. Го зграбувам пенкалото и првото парче хартија што ќе го најдам и ја запишувам мелодијата. Исто така тоа може да се случи и кога ја чекам жена ми во автомобилот додека таа е на шопинг. Веднаш потоа одам во студио и работам на идејата.

**Од кого ја имате научено најдобрата животна лекција и која е таа?**
„Нека биде едноставно“ од мојот учител по труба Лари Скинер (Larry Skinner) и навистина се држам до неа.

**Која е тајната на успехот?**
Кај секој човек идејата за успех е различна. За некој можеби тоа значи да биде познат или богат. За друг може тоа да биде успешна кариера. За мене, тоа значи да имам можност да го правам она што го сакам, да бидам задоволен од направеното како и смирен, бидејќи знам што луѓето сакаат и истовремено уживаат во мојата музика.

**Како балансирате помеѓу работата и семејството?**
Треба да имате партнер кој ќе го поддржи остварувањето на вашиот сон и да биде таму кога работите не се одвиваат добро, бидејќи во овој бизнис, ви треба најмалку една личност која секогаш е на ваша страна. Постојат голем број на компромиси, а понекогаш и пропуштени шанси.

**Кој би бил најголемиот успех за вас?**
Освојување на Греми награда како самостоен уметник како и да имам можност да одам на турнеја со бендот, свирејќи на различни локации низ цел свет.

**Која е вашата цел во животот?**
Сакам да свирам и компонирам музика постојано и да бидам најдобар во она што го правам.



ФИЛМОВИТЕ ШТО ЈА ОДБЕЛЕЖАА ИЗМИНАТАВА ГОДИНА

Тамара Топалова

# 2015-та година на филмот

Годината што измина, слободно може да се именува како година во која се прикажаа големи холивудски остварувања. Следејќи ги филмските информации може да се согледа дека кино салите претежно беа преполни и од недела во недела блокбастерите го менуваа своето место со нова и поголема заработувачка. www.businessinsider.com е веб серверот кој постојано нуди информации за филмските блокбастерски остварувања. Надоврзувајќи се кон најгламурозната ноќ во Холивуд, Оскарите, businessinsider направи листа и за најдобрите блокбастерски филмските остварувања за изминатата 2015та година. Меѓутоа, доста интересно што се согледува и од страна на читателите, кон овој осврт на businessinsider, филмот со највеќе оскари (Mad Max Fury Road) е изоставен од оваа листа на најдобри филмови за 2015та. Ја издвојуваме минимизираната листа на пет најдобри филмови за 2015 година која ја издови овој долгогодишен филмски посматрач.

**Star Wars: The Force Awakens**

Седмото продолжение на франшизата Star Wars ја прикажува борбата помеѓу Бунтовниците, овој пат наречени Отпорот и Империјата. Со заработката од 686 милиони долари во домашниот бокс офис, The Force Awakens ја надмина домашната заработка на Titanic од 658.7 милион долари и со тоа стана вториот најдобар финансиски исплатлив филм во С. Америка. Тој примат сѐ уште го држи Avatar со 760.5 милиони долари заработени во домашниот бокс офис.На интернационално ниво, филмот заработи веќе 704 милиони долари, пазарот во Кина, бидејќи таму ќе започне да се прикажува на 9-ти јануари. А кога тоа ќе се случи се очекува интернационалната заработка да изнесува над 1 милијарда долари.

**Ex Machina**

„Екс машина" успева да ги искористи нашите најголеми стравови за интернетот и пристапот до информации како основа за иднината: вештачка интелигенција која чекори, живее и општи со нас. Во филмот, ние сме во една прототип фаза, каде еден гениј (Оскар Ајзек) сѐ уште работи на неговата креација (Алиша Викандер). Но, крајниот резултат е таков што ученикот го надминува учителот.

**The Big Short**

Сценариото е базирано на вистинска приказна, околу неколкуте економисти кои предвреме го воочиле „кредитниот меур" што во 2008-та година ја започна економската криза поради која мноштво луѓе останаа на улица и ги изгубија своите работи, обложувајќи се на неа и правејќи пари од истата. Со тоа не е приказна за херои, туку на некој начин антихерои кои успеале да искористат во нивна полза една ситуација која е апсолутно уништувачка за останатите. Па како што велат во филмот сѐ што овие луѓе требало да направат за да го согледаат овој страшен резултат е само убаво да погледнат. А токму тоа е она што го прави и самиот филм.

**Spotlight**

„Спотлајт" (кај нас преведен „Разоткривање") на Том Мекарти ја раскажува вистинската приказна за тоа како новинарите од Бостон Глоуб го обелоденије скандалот на сексуална злоупотреба на деца од страна на бостонската католичка црква. Од тоа како изгледа еден ден во редакција на весник, на колкави притисоци знаат да бидат изложени новинарите кога се работи за сензитивна тема, колку е важна тимската работа кога се прави истражувачка сторија, колкава е одговорноста на главниот уредник, каква е генералната медиумска култура во Америка, па до тоа како се облечени новинарите - сето ова беше позитивно оценето и од оние во, и од оние вон новинарската професија.

**The Revenant**

Станува збор за филм на режисерот Алехандро Гонзалес, во кој ДиКаприо се појавува заедно со Том Харди и Домхол Глисон. Во „The Revenant" ДиКаприо ја толкува улогата на Хју Глас, човек кој ќе биде нападнат од гризли, но неволјите нема да застанат тука затоа што луѓето од неговата придружба ќе го ограбат и ќе го остават да умре на студот. Глас ќе успее да стигне до цивилизацијата и потоа ќе започне одмазда насочена кон оние што го оставиле во дивината.


















АТЛЕТИКАТА ДЕЛ ОД СЕКОЈДНЕВИЕТО НА КУМАНОВЦИ

Стефан Стојановски

# Атлетскиот клуб „Куманово" со најдобри резултати за 2015 година

Четворица членови на Атлетскиот клуб Куманово се закитија со трофеи и медали за најдобри во државата за 2015 година, заедно со нивниот тренер Филип Колевски. Атлетската федерација на Македонија на свечена церемонија која беше одржана кон крајот на 2015 година ги прогласи за најдобри благодарение на успесите кои во текот на целата година ги нижеа на домашни и странски натпревари. Клубот минатата година ја освои и титулата за најдобар клуб во Република Македонија, а трофеите за најдобри атлетичари отидоа во рацете на Милан Вељковиќ прогласен за најдобар пионер, Анеса Хајдари за најдобра пионерка, Никола Стојановиќ како најуспешен млад младинец, како и Матеја Ефремовска. Во рацете на нивниот тренер Филип Колевски замина и наградата за „Најуспешен атлетски тренер за 2015 година", кој вели дека патот до успехот не е лесен и дека наишле на пречки и проблеми во натпреварите, но 2015 била повеќе од успешна за нив.







*„Голема благодарност до сите оние што ни помогнаа, посебно кон родителите на овие наши таленти, зошто тие најмногу помагаа и веруваа во нашите амбициозни цели. На крајот од годинава завршивме како убедливо најдобар клуб, додатно на тоа со постигнати 12 државни рекорди, а тоа е скор кој не помнам воопшто дали некој клуб го постигнал истото досега. Имавме 3 сениорски и 5 младински репрезентативци"* – изјави најуспешниот атлетски тренер за 2015-та, Филип Колевски





Во септември минатата година во сите три категории, машка и женска конкуренција победници беа членовите на кумановскиот атлетски клуб во рамките на Македонскиот атлетски куп. На настапот срушија три државни рекорди и тоа, младински рекорд во фрлање диск срушен од страна на Материја Еврмовска, како и два пионерски рекорди на 400 метри со пречки, сборен од страна на Милан Вељковиќ прв пат во квалификациите и еднаш во финалето од купот. Во септември 2015 година членовите на клубот се закитија со бројни награди и на државното првенство во атлетика, кога Матеја Ефремовска го освои првото место во категоријата ѓуле за жени заедно со освоено прво место во дициплината фрлање диск. Заедно со неа како трет во категоријата диск за мажи и категоријата копје се запиша името на Давид Димовски. Роберт Митковски, роден во 2000 година исто така член на Атлетскиот клуб „Куманово" на овој натпреварсе пласираше на 5то место во категоријата скок во далечина, како и трет во скок во височина, а една година помалиот Христијан Димевски го освои шестото место со скок од 3,44 метри, како и четврти во државата во категоријата скок во височина. Марија Томиќ освои трета награда во скок во височина, скокајќи 115 см, додека Милан Вељковиќ заврши како четври во трка на 400 метри за мажи. Третопласираниот Милан Вељковиќ, член на А.К. Куманово, по трет пат во 2015 година го поправи рекордот во пионерска конкуренција, кој сега изнесува 52.73 секунди. Милан претставува голема надеж на Македонската атлетика, а веќе од годинава стана член во категоријата млади младинци каде го очекуваат големи меѓународни натпреварувања.Во истата трка, Марио Антоновски заврши како шесто пласиран, додека Иван Тимчевски роден 2001, трката на 800 метри мажи ја заврши како петто-пласиран. На Државното пионерско првенство, освоени се вкупно 20 индивидуални медали во името на Атлетски клуб „Куманово".

**РАЗГОВОР СО КАПИТЕНОТ НА МЛАДИНСКИОТ ТИМ НА ФК "ЉУБАНЦИ"-СКОПЈЕ** **Ана Ристеска**

# Не треба да се чека невремето да помине за да се почне со натпреварот

Секој младинец на ФК "Љубанци" сонува за деби во прв тим

Нешто повеќе за кариерата на фудбалскиот клуб Љубанци од Скопје, за постоењето на тимот и лигата во која се натпреварува, дознавме од тренерот на ФК "Љубанци", Јован Трајков, за кои едно од поголемите негови предходни искуства е како тренер на ФК "Ново Лисиче". Имено, постоењето на тимот на ФК "Љубанци", датира уште од далечната 1974 година, а младинскиот тим на ФК "Љубанци" е вклучен во системот на натпреварување на фудбалската федерација на Македонија (ФФМ), исто како и првата екипа, која се натпреварува во единствената втора лига.

Носител на капитенската листа на младинската екипа на ФК "Љубанци"е столбот - Марко Ристески. За него, неговиот фудбалски учител милува да каже дека е "Jack of all trades". Талентираниот Ристески ги мина сите возрасни категории во повеќе фудбалски клубови, за да во последните 6 месеци ја добие титулата капитен на младинската екипа на ФК "Љубанци".

"Мојата фудбалска кариера започна во ФК "Форца" на 11 годишна возраст, каде што поминав речиси 1 година, потоа започнав да тренирам во ФК "Ново Лисиче", каде што тренирав 6 години, а во последниве 6 месеци сум дел од младинската екипа на ФК "Љубанци". ", - раскажува Ристески.

**Кои се значајни награди што си ги освоил?**

Младинскиот тим на ФК "Љубанци" е релативно нова екипа и во ваков состав функционираме само 6 месеци. За овој краток период успеавме да станеме есенски прваци во вторaта лига.

**Кои успеси ги постигнавте во првата полу сезона?**

Како што кажав постоиме релативно краток период и секако голем успех е освојувањето на првото место после првата полу-сезона, но сепак поголем успех е тоа што голем дел од играчите се приклучуваат кон првата екипа, а најголем успех е тоа што и надвор од теренот функционираме како тим, сепак најважно е што станавме здрави личности кои можат да се носат во општеството.

**Какви се вашите очекувања за втората полу-сезона?**

Да завршиме без пораз, во 11те натпревари и секако со тоа да бидеме шампиони и како сервис на првата екипа да создадеме повеќе првотимци, кои ќе бидат столб на првата екипа.



„Јас сум многу задоволен од оваа лига, почнувајќи од организаторот ФК "Љубанци", па сè до играчите кои се натпреваруваат во неа. Чест е да си дел од овој голем проект на ФК "Љубанци" и тука ја гледам иднината и мојот успех." – истакнува Ристески







